РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2016 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Берзански цени ....7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....8

Увоз ....9

Салдо на трговска размена ....10

Валутна структура ....10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи .... 11

Буџетски расходи ....12

Буџетско салдо ....13

4. Социјален сектор

Новорвработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....13

Плати ....14

Пензии ....15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....16

Депозитен потенцијал ....16

Кредити на банките ....17

Каматни стапки на депозитни банки ....18

Пазар на капитал ....18

Девизни резерви ....18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2016 година

- Индустриското производство во август 2016 година во споредба со август 2015 година забележа раст од 5,2%;

- Потрошувачките цени во август 2016 година се намалија за 0,3% во однос на август 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,3% во јули 2016 година;

- Во периодот јануари- август 2016 година извозот забележа раст од 6,1%, а увозот за 5,6%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 4,5%, споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2016 година изнесуваа 110.621 милион денари, што претставува поголемо остварување за 6,2% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 120.437 милиони денари, што е за 3% повеќе во однос истиот период 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 2,9% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 4,5%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во август 2016 година индустриското производство забележа раст од 5,2% во споредба со август 2015 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во секторите Преработувачка индустрија од 8,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,9%, додека производството во секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 10,5%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во август 2016 година има гранката Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (7,4 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на тутунски производи (-1,1 процентен поен).

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари-август 2016 година во однос на истиот период во 2015 година забележа раст од 5,5%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 9,2%, додека пад има кај секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 9,7% и Рударство и вадење камен од 9,3%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во август 2016 во однос на август 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 69,9%, Капитални производи од 60,8% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,0%. Намалување на производството е забележано кај групите Енергија од 2,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 11,6%.

На кумулативна основа, во периодот јануари-август 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст е забележан во групите: Капитални производи од 36,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 17,4%, Интермедијарни производи, освен енергија од 1,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,4%. Пад е забележан единствено кај групата Енергија од 9,1%.

## Број на работници во индустријата




Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во август 2016 година забележа пад од 1,1%. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,3%, а пад е забележан и во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%. Раст е забележан единствено во секторот Рударство и вадење камен од 1,7%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари-август 2016 во споредба со истиот период претходната година е зголемен за 0,6%. Раст е забележан во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 1,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,2% и Преработувачка индустрија од 0,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 8,2%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,4%, Енергија од 1,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,3%. Пад е забележан единствено кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,3%.

На кумулативна основа, во првите осум месеци од 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 12,8%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,9%, Енергија од 1,9% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,0%. Намалување на бројот на работници е забележан во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,2%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во август 2016 година е поповолна во однос на јули 2016 година, а многу поповолна во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во август изнесува 65,1%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 64,9%. Споредено со август 2015 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во август 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 24,1%, недоволната домашна побарувачка со 17,2%, недостигот на квалификувана работна

сила со 14,3%, неизвесното економско опкружување со 9,9%, финансиските проблеми со 7,2% и конкурентниот увоз со 5,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во август во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се дека ќе се зголеми, додека залихите на готови производи се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2016 година издадени се 249 одобренија за градење, што претставува зголемување од 20,9% споредено со август 2015 година. Во однос на претходниот месец, кога биле издадени 256 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се намалил за 2,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август 2016 година е намалена за 28,5% споредено со истиот месец претходната година. На месечна основа, вредноста на објектите се намалила за 25,3%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 151 (или 60,6%) се наменети за објекти од високоградба, 32 (или 12,9%) за објекти од нискоградба и 66 (или 26,5%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 249 издадени одобренија за градба, на 158 објекти (или 63,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 91 објект (или 36,5%) инвеститори се деловни субјекти.




Во август 2016 година предвидена е изградба на 276 станови, со вкупна корисна површина од 27.426 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на годишна основа е намален за 18,6%, а во однос на јули 2016 година за 61,2%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во август 2016 година се намалија за 0,3% во однос на август 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,3% во јули 2016 година. Просечната стапка на инфлација во првите осум месеци од 2016 година изнесува -0,4%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во август забележа годишен пад на цените од 1,1%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Овошје од 6,5% и Масло и масноти од 2,8%.

Годишен пад на цените во август е регистриран и во категориите: Транспорт од 3,8%, Здравје од 1,2%, Останати стоки и услуги од 0,8% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%.

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,8%, следена со порастот на цените во категориите: Мебел, покуќнина и одржување покуќнина од 2,3%, Облека и обувки од 1,7%, Комуникации од 1,6%, Рекреација и култура од 1,3% и Образование од 0,4%. Цените во категоријата Ресторани и хотели останаа непроменети.




Потрошувачките цени во август 2016 година се намалија за 0,1% во однос на претходниот месец. Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Останати стоки и услуги од 0,8%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,5%, Рекреација и култура од 0,4% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Облека и обувки од по 0,1%.

Зголемување на цените е забележано во категориите: Здравје од 0,4% и Ресторани и хотели од 0,1%. Цените останаа непроменети во категориите Храна и безалкохолни пијалаци, Транспорт, Образование, Комуникации и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици.

Цените на мало во август 2016 година се намалија за 0,2% во однос на истиот месец претходната година, додека споредено со претходниот месец цените на мало се зголемија за 0,4%. Цените на мало во првите осум месеци од 2016 година се пониски за 0,5%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во август 2016 година споредено со јули 2016 година се зголеми за 2,4% и изнесуваше 46,1 долар за барел. На годишно ниво, цената на нафтата бележи намалување од 1,8%. Цената на природниот гас во август во однос на претходниот месец се намали за 0,4%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во август 2016 година се тргуваше со просечна цена од 10.366 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи зголемување на цената од 1,0%. Во споредба со август 2015 година, цената на никелот бележи пад од 0,2%. Во август, месечно зголемување на цената се забележува и кај некои од останатите основни метали. Така, цената на цинкот се зголеми за 4,3%, на калајот за 3,2% и на алуминиумот за 0,8%. Цената на бакарот и оловото во август бележат месечно намалување на цената за 2,2% и 0,1%, соодветно. Цената на железната руда во август, споредено со јули 2016 година се зголеми за 7,0%.



Во однос на благородните метали, цената на платината во август бележи месечен раст од 3,1%, цената на златото се зголемила за 0,3%, додека пак цената на среброто се намалила за 2,0%.

Цената на пченката на светските берзи во август, на месечна основа се намали за 6,9%, а на пченицата за 1,2%. Цената на јагнешкото месо во август споредено со претходниот месец се зголеми за 5,9%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите осум месеци од 2016 година изнесува 6.723,9 милиони евра, што претставува раст од 5,8% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари - август 2016 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,2%, што претставува зголемување од 1,7 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - август 2016 година вредноста на извезените стоки изнесува 2.790 милиони евра и бележи раст од 6,1% (160,6 милиони евра) во однос на истиот период во 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 9%.

Вредноста на извезените стоки изнесува во август 2016 година 346,3 милиони евра и бележи раст од 9,2% (29 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 15,4%.




Анализирано на месечно ниво, во август 2016 година извозот бележи пад од 14,3% (57,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 4,3%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - август 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, пијалаци и тутун, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49,7% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – август 2016 година споредено со истиот период од 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 10,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 8,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 80,4% и 12,2% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – август 2016 година изнесува 3.933,9 милиони евра и бележи раст од 5,6% (210,2 милиони евра) во однос на истиот период од 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 1,9%.

Вредноста на увозот во август 2016 година изнесува 503,1 милион евра, што претставува зголемување за 17,5% (75 милиони евра) во однос на истиот месец од 2015 година, а увезените количини на стоки се намалени за 13,8%.

Анализирано на месечно ниво, во август 2016 година увозот бележи пад од 2,6% (13,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 13,7%.



Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2015 | I - VIII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 39,2 | 61,1 | 21,9 | 55,9 |
| Мил. ЕУР | 22,0 | 22,6 | 0,6 | 2,8 |
| Мил.$ | 24,5 | 25,3 | 0,8 | 3,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2015 | I - VIII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 596,3 | 685,5 | 89,2 | 15,0 |
| Мил. ЕУР | 280,2 | 235,0 | -45,3 | -16,2 |
| Мил.$ | 311,4 | 262,3 | -49,1 | -15,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2015 | I - VIII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 10,7 | 10,3 | -0,4 | -4,0 |
| Мил. ЕУР | 499,2 | 575,3 | 76,0 | 15,2 |
| Мил.$ | 555,2 | 642,1 | 86,9 | 15,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2015 | I - VIII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 20,6 | 19,6 | -1,1 | -5,1 |
| Мил. ЕУР | 79,5 | 111,3 | 31,8 | 40,0 |
| Мил.$ | 88,2 | 124,2 | 36,0 | 40,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2015 | I - VIII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 393,6 | 426,7 | 33,2 | 8,4 |
| Мил. ЕУР | 369,9 | 268,7 | -101,1 | -27,3 |
| Мил.$ | 410,4 | 300,0 | -110,4 | -26,9 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2015 | I - VIII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 402,7 | 550,2 | 147,6 | 36,6 |
| Мил. ЕУР | 191,7 | 213,5 | 21,8 | 11,4 |
| Мил.$ | 212,7 | 238,2 | 25,6 | 12,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите осум месеци од 2016 година, трговскиот дефицит се зголеми за 4,5% односно 49,6 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




Во август 2016 година трговскиот дефицит се зголеми за 41,4% односно 45,9 милиони евра споредено со август минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во периодот јануари – август 2016 година 84,6% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Романија, САД, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и БиХ.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 86,8% од трговската размена во периодот јануари - август 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2015 година претставува зголемување од 5,5 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,6% и 82,6%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 5,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 5,6 п.п. во однос на периодот јануари – август од 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - VIII - 2015 | | | | | I - VIII - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.191,0 | 2.869.235.130 | 61,5906 | 176.717.913.180 | 77,0 | 2.913,3 | 3.250.499.562 | 61,6450 | 200.377.045.502 | 82,6 | 381.264.432 | 13,3 |
| УСД | 1.742,5 | 895.633.053 | 55,2843 | 49.514.446.417 | 21,6 | 942,3 | 718.385.401 | 55,2913 | 39.720.462.696 | 16,4 | -177.247.653 | -19,8 |
| ГБП | 4,2 | 13.856.071 | 84,7424 | 1.174.196.742 | 0,5 | 3,6 | 12.180.871 | 77,6291 | 945.590.075 | 0,4 | -1.675.200 | -12,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.937,7 | | | 227.406.556.339 | 98,6 | 3.859,3 | | | 241.043.098.273 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 3.944,6 | | | 229.365.153.923 | 100,0 | 3.868,8 | | | 242.511.285.801 | 100,0 | | 5,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2016 година изнесуваа 110.621 милиони денари, односно 19,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,2% во однос на истиот осуммесечен период од 2015 година.

Даночните приходи во периодот јануари - август се реализирани во износ од 65.401 милиони денари, односно 11,3% од БДП и во однос на истиот период 2015 година се зголемени за 8,6%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 31.536 милиони денари и забележа зголемување од 15,4% во однос на истиот период од 2015 година, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 48,2%. Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 8,4% додека ДДВ од прометот во земјата забележува зголемување од 11,6%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележува помало остварување за 82,2%.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 8.785 милиони денари и забележуваат раст од 9,8% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 67,2%

од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,3% од приходи од капитал, 6,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,0% од приходи по основ на договор на дело, 3,6% од приходи од имот и имотни права и 1,9% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој осуммесечен период за 2016 година изнесуваа 7.296 милиони денари и забележаа намалување од 17,7% во однос на истиот период претходната година.

Акцизите се остварени во износ од 14.265 милиони денари (учество од 21,8% во даночните приходи) и забележаа поголемо остварување од 10,9% во однос на истиот период минатата година. Приходите од царина беа остварени во износ од 3.140 милиони денари и забележаа зголемување од 14,1%.

Приходите од други даноци со остварен износ од 379 милиони денари забележаа помало остварување за 14,8% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 32.534 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,2% споредено со истиот период 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,1%, кај придонесите за здравствено осигурување за 5,2% и кај придонесите за вработување за 5,5%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 8.171 милион денари и во однос на истиот осуммесечен период во 2015 година забележаа поголемо остварување за 6,1% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.084 милиони денари, што претставува помало остварување за 42,9% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.199 милиони денари, односно се зголемија за 8,4% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - август 2016 година изнесуваа 120.437 милиони денари, односно 20,8% од БДП, што е за 3,0% повеќе во однос на истиот период 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 111.135 милиони денари учествуваа со 92,3% и се зголемени за 4,2% во однос на истиот период 2015 година.

Средствата за плати и надоместоци беа реализирани во износ од 17.208 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,3% и во однос на 2015 година се зголемени за 5,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 9.853 милиони денари и споредено со истиот период 2015 година забележаа намалување од 11,0%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 79.511 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа зголемување од 6,7% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 66,0% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 59.095 милиони денари, забележаа раст од 8,6% и учествуваа со 49,1% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 36.263 милиони денари, се зголемија за 9,9%, споредено со истиот осумммесечен период од 2015 година и учествуваат со 30,1% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,3%, односно забележаа зголемување од 1,8%, споредено со истиот период 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 9.900 милиони денари забележаа зголемување од 2,3%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите со учество од 7,0% во вкупните расходи беа остварени за 0,1% помалку.

Каматните расходи изнесуваат 4.563 милиони денари, што е намалување од 3,6% во споредба со истиот период 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 11,3%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 1,3% во споредба со истиот период 2015 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 9.302 милиони денари со структурно учество од 7,7% во вкупните расходи (1,6% учество во БДП), односно забележаа помала реализација за 9,4% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – август 2016 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 9.816 милиони денари, што претставува 1,7% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 8.778 милиони денари што претставува 1,5% од БДП

## Новвработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари - август 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 121.234 нови засновани работни односи. Вкупниот број новвработени во овој период е повисок за 1% во однос на истиот период од 2015 година.

Од вкупниот број новвработени, 45,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во август 2016 година 21,9% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 199.479, од кои 103.942 се активни баратели на работа, а 95.537 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 7%.

Најголем дел од невработените лица (67,7%) се градско население, а според половата структура 58,9% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,5% се со завршено средно образование, додека 15,0% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 54,6% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јули 2016 година оствари годишен раст од 2,2%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,7%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Градежништво (9,0%), Административни и помошни услужни дејности (6,7%) и Информации и комуникации (6,2%). Реалните плати во јули забележаа годишен раст од 2,5%.







Просечната номинална бруто-плата во јули 2016 година оствари годишен раст од 2,2%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Градежништво (9,1%), Административни и помошни услужни дејности (6,4%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (6,2%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 2,5%.

Процентот на вработени што не примиле плата во јули 2016 година изнесува 1,6% и е понизок за 0,1 п.п. во однос на истиот месец претходната година, а е непроменет во однос на јуни 2016 година.

## Пензии

Во август 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 303.415 пензионери, што претставува зголемување од 1,8% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.291 лице. Од вкупниот број пензионери,



61,3% се корисници на старосна пензија, 25,2% на семејна пензија и 13,3% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во август 2016 година изнесува 13.057 денари и е за 5% зголемена во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,6%.

Просечната старосна пензија во август изнесува 14.410 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.792 денари, а просечната семејна пензија 10.408 денари. За исплата на пензиите во август 2016 година се потрошени 3.856,50 милиони денари, што претставува 52,5% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во август 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на ниво од 4,0%, откако во мај 2016 година истата ја зголеми за 0,75 п.п. што се должи на зголемената побарувачка на девизи и притисоците врз депозитната база на банките, како последица на влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во август 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 0,5% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 7%, додека вкупните ликвидни средства на банките забележаа пад од 5,8%.

Валутна структура на депозити и кредити
во август 2016 година; Извор: НБРМ




На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 5,6%, при пад на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 1,5% и 9,7%, соодветно.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

## Депозитен потенцијал

Во август 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 2,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 8,1% и 0,3%, соодветно.

Од аспект на валутата, во август 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 2,6%, а депозитите во странска валута се зголемија за 2,4%.

Вкупниот депозитен потенцијал во август 2016 година оствари раст од 4,5% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута забележаа раст од 2,6% и 7,2%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 1% на годишно ниво, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 10,9%

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( август 2016 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **304.012** | **2,5%** | **4,5%** |
| Денари | *176.179* | 2,6% | 2,6% |
| Странска валута | *127.834* | 2,4% | 7,2% |
| Краткорочни | *147.468* | 2,0% | 1,1% |
| Долгорочни | *82.910* | 1,1% | 4,3% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **273.814** | **0,02%** | **2,9%** |
| Денари | *221.686* | *-0,1* | 4,7% |
| Странска валута | *52.127* | 0,3% | -4,3% |
| Краткорочни | *59.264* | -1,6% | -2,2% |
| Долгорочни | *192.297* | 0,4% | 11,8% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *20.663* | 0,9% | -33% |

Извор: НБРМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 1,1%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 4,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58%.




## Кредити на банките

Вкупните кредити на банките кон приватниот сектор во август 2016 година останаа речеси непроменети (зголемување од 0,02%) во споредба со минатиот

месец. Секторската анализа укажува дека во август кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,4%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,6%. Од аспект на валутата, во август 2016 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа пад од 0,1%, а девизните кредите се зголемија за 0,3%.

На годишна основа, во август 2016 година вкупните кредити се зголемија за 2,9%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 1% и раст на кредитите кон домаќинствата од 7,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 4,3%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,8%, а краткорочните кредити се намалија за 2,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Вкупната каматна стапка на кредитите во август 2016 година, изнесува 6,4% и е зголемена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските кредити и девизните кредити се непроменети на месечно ниво и изнесуваат 6,6% и 5,4%, соодветно.




Вкупната каматна стапка на депозитите во август изнесува 1,8% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се исто така непроменети на месечно ниво и изнесуваат 2,5% и 1%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во август 2016 година регистрираше пад од 37,3% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување за 30,3%, како и намалувањето на прометот од блок трансакциите за 55,3%.




Вкупниот промет на берзата во август 2016 година изнесуваше 183 милиони денари што претставува зголемување за 27% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во август 2016 година изнесуваше 1.964,31 индексни поени, при што на

месечно ниво индексот е зголемен за 5,9%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 17,9%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на август 2016 година изнесуваа 2.676,6 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 88,4 милиони евра, додека во однос на август 2015 година се зголемени за 498,9 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk